РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ДЕМИР ХИСАР

| Примено | | 04. 01. 2022. | |
|---|---|---|---|
| Организац. | | Прилог | Вредност |
| 13 | 17/1 | - | - |

**<u>До: Општина Демир Хисар</u>**
(имател на информацијата)

# Б А Р А Њ Е

## за пристап до информации од јавен карактер

Врз основа на член 15 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер ("Службен весник на Република Македонија" бр. 101/19), од имателот ги бараме следните информација од јавен карактер):

1. Дали во рамки на Вашата општината е формиран "Локален совет за превенција"?
   ***Напомена:*** *Под терминот "Локален совет за превенција"* ***не се мисли на*** *"Локален совет за превенција од малолетничко престапништво" според Закон за правда на децата*

Доколку одговорот на прашање 1 е потврден/позитивен:

2. Колку седници/состаноци на "Локалниот совет за превенција" се одржани во текот на мандатот на советот на Вашата општина во периодот 2017-2021?

3. Од кои институции-тела доаѓаат членовите на "Локалниот совет за превенција" во Вашата општина? (**Појаснување:** Кои институции и тела се претставени во "Локалниот совет за превенција" на општината)

Форма во која се бара информацијата:
- а) увид
- б) препис
- в) **<u>фотокопија или електронски запис</u>**
- д) друго------------------------------------------------------------------

(се наведува бараната форма, со заокружување)

Начин на доставување на информацијата:
- а) **<u>по пошта</u>** или
- б) телефон
- в) факс
- г) **<u>е-маил</u>**
- д) друго------------------------------------------------------------------

(се наведува бараниот начин, со заокружување)

Барател на информацијата:
[redacted]

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ДЕМИР ХИСАР
бр. 13-17/2
05.01.2022 год.
ДЕМИР ХИСАР

Врз основа на член 20, став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 101/2019), постапувајќи по Барањето информација од јавен карактер од барателот [redacted], поднесено на 04.01.2022 година, имателот на информацијата Општина Демир Хисар го донесе следното

**РЕШЕНИЕ**

Барањето од [redacted] по предметот барање за пристап до информации од јавен карактер во врска со Локалниот совет за превенција на Општина Демир Хисар, целосно се уважува.

**ОБРАЗЛОЖЕНИЕ**

Врз основа на барањето информација од јавен карактер доставено од [redacted] имателот на информацијата Општина Демир Хисар, Ви ја доставува информацијата во врска со Локалниот совет за превенција на Општина Демир Хисар.

Имено барателот доставил барање за информација од јавен карактер, заведена во архивата на Општина Демир Хисар на 04.01.2022 година под архивски број 13-17/1, која е во согласност со член 10 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 101/2019) и затоа е одлучено како во диспозитивот на ова решение.

Во Прилог:

-Информација

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова Решение може да се поднесе жалба до Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер во рок од 15 дена од приемот на Решението.

Решено во Општина Демир Хисар на 05.01.2022 година, под бр. 13-17/2.

По овластување на Градоначалникот на Општина Демир Хисар
Службено лице за посредување со информации од јавен карактер
Игор Дамјаноски, раководител на одделение за управување со човечки ресурси

-Информација

1. Прашање: Дали во рамките на Општина Демир Хисар е формиран Локален совет за превенција?

Одговор: Да, со Одлука на Совет на Општина Демир Хисар бр.17-525/5 од 08.06.2018 година,

2. Прашање: Колку седници/состаноци на Локалниот совет за превенција во Општина Демир Хисар во периодот 2017-2021 година?

Одговор: Одржан е еден состанок и тоа на 06.12.2018 година, на тема Превенирање на меѓуврсничкото насилство.

3. Прашање: Од кои институции доаѓаат членовите на Локалниот совет за превенција на Општина Демир Хисар?

Одговор: Во Локалниот совет за превенција на Општина Демир Хисар членуваат претставници од следниве институции:

-Градоначалник на Општина Демир Хисар, Јавно обвинителство на РСМ-Јавен обвинител, Полициска станица Демир Хисар, Совет на Општина Демир Хисар, ТППЕ Демир Хисар, ОУ "Гоце Делчев" Демир Хисар, ОУ "Даме Груев" с.Смилево, ОУ "Браќа Миладиновци" с.Жван, СОУ "Крсте Петков Мисирков" Демир Хисар, Здравствен дом Демир Хисар, Психијатриска болница Демир Хисар, Дом на култура "Илинден" Демир Хисар, ЈОУДГ "Втори септември" Демир Хисар, ЈУ Центар за социјални работи Демир Хисар, ЈКП Комуналец Демир Хисар, ЈП Македонски шуми ПЕ "Бигла" Демир Хисар, претставници на НВО, месните заедници, бизнис секторот и религиозните заедници.